МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 65-г став (11) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14 и 160/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗДАДЕНИ ЛИЦЕНЦИ ЗА ШУМСКОКУЛТУРНИ РАБОТИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СЕЧА И ДОТУР

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината на образецот на лиценцата и начинот на водење на регистарот за издадени лиценци за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур.

## Член 2

(1) Лиценца за вршење шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур се издава на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на лиценцата од став (1) на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Регистарот за издадени лиценци за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур се води во електронска и пишана форма.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.09-
11048/3 Министер
за земјоделство,

декември 2014
година шумарство и
водостопанство,

Скопје м-
р Михаил Цветков, с.р.

**ПРИЛОГ**

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 65-в став 1() и (2) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13 , 79/13, 147/13, 43/14 и 160/14), Министерството за земјоделство, шумарство иводостопанство издава

***Л И Ц Е Н Ц А***

**ЗА ВРШЕЊЕ НА ШУМСКОКУЛТУРНИ РАБОТИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СЕЧА И ДОТУР**

**На**

**(назив на правното лице)**

**(седиште и ЕМБ)**

**Лиценцата е со важност од 5 години**

**Број__________**

**(ден,месец,година на издавање)**

Министер за земјоделство,

шумарство и водостопанство,

**м-р Михаил Цветков**, с.р